*Бесплатен примерок*

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ

| Број 73 | Година XI | ноември - декември 2016 г. | *Весник на Општина Аеродром*



## ДО СРЕДИНАТА НА НОЕМВРИ, НОВА ГРАДИНКА ЗА ПОВЕЌЕ ОД 200 ДЕЦА

стр. 8

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009


НАСКОРО 50.000 САДНИЦИ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ .. 3

АКТИВНОСТИ ........................................................ 4 - 15

ЅИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ .................... 16 - 17

ОБРАЗОВАНИЕ ........................................................ 18 - 19

ТЕАТАР .................................................................. 20

ЗАБАВА .................................................................. 21

СТИЛ ...................................................................... 22 - 23

СПОРТ .................................................................... 24 - 29

ПИСМА .................................................................. 30

ИНФО .................................................................... 31


**ПРИЕМНИ ДЕНОВИ:**

- **Одделение за даноци, такси и други приходи и Данок на имот** – секој работен ден од 08:30 до 11:30 часот
- **Одделение за урбанизам** – понеделник и вторник од 09:00 до 11:00 часот
- **Комунално одделение** – понеделник од 15:30 до 16:30 часот, четврток и петок од 08:30 до 09:30 часот


Првиот број на весникот „Аеродром" излезе во јуни 2006 година
Весникот излегува како двомесечник

**Редакција**
м-р Маја МАНЧЕВСКА
м-р Билјана КОЧОСКА-ТОДОРОВСКА

**Уредува**
Одделение за односи со јавност и развој и поддршка на интегралниот информациски систем

**Лектор**
м-р Билјана КОЧОСКА-ТОДОРОВСКА

**Дизајн**
Даниела Чабуковска

**Издава**
Општина Аеродром

**Градоначалник**
Ивица Коневски

**Печати**
Графички центар-Скопје

тираж 30.000 примероци

телефон: 2401 516
факс: 2401 546

e-mail: vesnik@aerodrom.gov.mk
www.aerodrom.gov.mk

**Адреса:**
Јане Сандански 109 Б,
1000 Скопје




# НАСКОРО 50.000 САДНИЦИ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ





**ПОЧИТУВАНИ ГРАЃАНИ,**

**По повод „Месецот на пошумувањето" во ноември оваа година ќе се доделуваат садници за урбаните и за руралните средини.**

**Ги покануваме граѓаните да се вклучат во оваа голема акција, така што добиените садници ќе треба сами да ги насадат и да ги негуваат, односно да се грижат за насадените садници.**

**Ве покануваме да доставите барање до најблиската Урбана заедница за садници, кои ќе ги насадите во Вашата околина!**

**Општина Аеродром**





# ГОРНО ЛИСИЧЕ ДОБИ ДЕТСКА ГРАДИНКА






На 26.10.2016 година свечено беше пуштена во употреба новата детска градинка во Горно Лисиче „Лавче“, како заеднички проект на Општина Аеродром и на Министерството за труд и социјална политика.

Новата детска градинка во Горно Лисиче има капацитет за 100 дечиња од Горно Лисиче и е изградена на местото на некогашната стара спортска сала во двoрот на основното училиште „Гоце Делчев“.

Објектот на градинката ги исполнува сите неопходни стандарди за ваков тип институции и овозможува современи услови за згрижување и престој на деца од претшколска возраст. Во него се сместени две големи занимални, простор за прием, кујна, санитарни јазли и административен простор. А, секако, тука се наоѓа и неопходната опрема со креветчиња, масички, столчиња, плакари, нагледни средства и играчки. Објектот е енергетски ефикасен, а материјалите со кои е изградена се еколошки прифатливи.

„Изградбата на нова детска градинка беше реална потреба, со оглед на зголемениот број дечиња во нашата општина“, изјави градоначалникот Коневски и додаде дека се прават напори да се обезбеди целокупниот неопходен капацитет за згрижување на децата од претшколска возраст. Ова е, всушност, првата детска градинка во Горно Лисиче, но не и последна. Претходно е изградена градинката „Сонце“ во Реонски центар „Аеродром“ и целосно се реконструирани постојните детски градинки, со цел да се овозможат што подобри услови за престој и воспитување на децата од претшколска возраст, за тие да израснат во достоинствени граѓани на Република Македонија.

Во текот на оваа година почна да се гради нов објект на градинката „Срничка“ со капацитет за прифаќање 200 дечиња. Во 2017 година, пак, во рамки на градинката „Буба Мара“ ќе се изгради уште еден нов објект со капацитет за, исто така, 200 деца.

„Отворањето детски градинки е проект на кој Владата на Република Македонија е силно посветена изминатиот период, бидејќи во нив децата не само што се згрижуваат, туку и се образуваат“, изјави на крајот заменик-министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов.

АКТИВНОСТИ

# СПОРТСКИ ТЕНИСКИ ЦЕНТАР ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ



Градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, заедно со министерот за финансии, Кирил Миноски, на прес-конференција на 13.9.2016 година, најави изградба на Спортски тениски центар покрај кејот на реката Вардар, кој ќе содржи минимум 8 тениски терени со што ќе создадат услови за одржување меѓународни натпревари.

Тенискиот центар ќе се гради преку јавно приватно партнерство согласно Законот за ЈПП. Инвеститорот, покрај тениските терени ќе треба да изгради и компатибилни содржини, како што се игротека, кафе-бар и канцелариски простор.

Тениските терени треба да бидат изградени најдоцна за 24 месеци, додека, пак, за компатибилните содржини рокот е 36 месеци од потпишување на договорот. „Општина Аеродром со изградбата на Спортскиот центар ќе добие уште една спортска содржина, каде ќе доаѓаат афирмирани светски тенисери, а младите ќе имаат можност да вежбаат во соодветни услови за професионален тенис, а некои од нив можеби и ќе прераснат во познати тениски ѕвезди", изјави градоначалникот Коневски.

# ДО СРЕДИНАТА НА НОЕМВРИ, НОВА ГРАДИНКА ЗА ПОВЕЌЕ ОД 200 ДЕЦА



До средината на ноември се очекува отворање на уште една детска градинка „ШТРКЧЕ" во Општина Аеродром, поточно во рамки на клонот „Чекорче" со капацитет за згрижување на повеќе од 200 дечиња.

Средствата за новата детска градинка се обезбедени од Буџетот на Општина Аеродром.

Објектот ги исполнува сите неопходни стандарди за ваков тип институции и овозможува современи услови за згрижување и престој на деца од претшколска возраст.

Градинката содржи 6 големи занимални на приземје и три на катот што значи вкупно 9 занимални, простор за прием, кујна, санитарни јазли, административен простор и подрумски простории и сето тоа на површина од 1.700 квадратни метри. Ова е втора по ред детска градинка годинава, а трета последниве неколку години. Со нејзиното пуштање во употреба се очекува да се задоволи потребата од поголем капацитет за згрижување на децата, која е реална со оглед на зголемениот број дечиња во Општина Аеродром.



АКТИВНОСТИ

# НАЈДОБРИТЕ 25 УЧЕНИЦИ ОД ОПШТИНА АЕРОДРОМ НА НАСТАВА ВО ЛОНДОН



На 27.10.2016 година градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, заедно со амбасадорот на Велика Британија, неговата екселенција Чарлс Герет, и заменик-министерот за образование Спиро Ристевски, го промовираа проектот преку кој, Општина Аеродром по вторпат ќе ги испрати најдобрите ученици на настава во Лондон.

Имено, од 5-ти до 11-ти декември 2016 година, 25-те најдобри ученици од сите основни училишта во Општина Аеродром ќе ја посетат збратимената Општина Вандсворт во Лондон, каде што ќе посетуваат настава во училиштето Брнтвуд.

За време на наставата во училиштето во лондонската општина Вандсворт учениците придружувани од еден одговорен наставник ќе имаат можност да ја посетуваат наставата кај своите врсници и да се запознаат со нивниот воспитно-образовен систем, односно со нивните наставни програми и со начинот на одржување на наставата.

Тие ќе бидат сместени кај семејствата на своите соученици, така што ќе можат да дознаат повеќе за обичаите, навиките и начинот на живот во Велика Британија.

Минатата година во јуни Општина Аеродром, всушност, ја испрати првата група најдобри ученици на настава во Лондон, а оваа година во јуни група ученици од Лондон дојдоа во возвратна посета на Аеродром, така што овие посети полека стануваат традиција во насока на зајакнување на соработката меѓу двете општини. Тоа им овозможува на учениците размена на искуства и вредности, стекнување нови другарчиња, но и поттик за поголеми успеси во училиштето.

# ВЕЖБИ ЗА ЕВАКУАЦИЈА



Во основните училишта во Општина Аеродром во изминатиот период беа организирани вежби за евакуација на училишната зграда во случај на земјотрес, со цел да се зголеми безбедноста на учениците.

Освен тоа, во деновите по земјотресот на 11 септември, преку разглас на одделенскиот час во сите училишта беа читани детални упатства како да се постапи во случај на земјотрес.

Учениците беа информирани каква е постапката за евакуација во случај на земјотрес, како и тоа кое одделение од кој влез треба да го напушти училишниот објект. Исто така, на учениците им беа дадени и насоки да не се крева паника, а за време на траењето на земјотресот да не ја напуштаат училишната зграда, туку да се засолнат под училишните клупи и доколку имаат книги да ги стават над главата, да не стојат во близина на прозорци и стакла, а ако во тој момент се најдат во тоалет да ја затворат чешмата. Штом заврши тресењето, организирано со своите наставници по соодветните излези да го напуштат училиштето и да се упатат до собирното место, кое најчесто е училишното игралиште или училишниот двор.

Инаку, вакви упатства има објавено и по влезните врати, додека скици за евакуација има објавено на секој кат од училиштата.

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ И ОВАА ГОДИНА СЕ ПРИКЛУЧИ КОН КАМПАЊАТА **ПРОТИВ РАКОТ НА ДОЈКА „НАПРЕД РОЗОВО“**

Општина Аеродром и оваа година ја поддржа акцијата против ракот на дојка под мотото „Напред розово!“ што се одвива секој октомври, со цел да се подигне свеста на жените за нивното здравје, особено да се истакне потребата од редовни прегледи на дојките. По тој повод на 1-ви октомври во Градскиот парк Скопје кај Школката се одржа симболичен марш и трка во организација на Здружението за борба против рак „Борка – за секој нов ден“.

Овие активности се организираат секоја година, бидејќи веднаш зад кардиоваскуларните болести, втора причина за смртност на населението во нашата земја се малигните заболувања, од кои ракот на дојка е болест во пораст и има најголема стапка на смртност кај жените.



АКТИВНОСТИ

# СЕ АСФАЛТИРАА УДАРНИТЕ ДУПКИ



Општина Аеродром изминатиот период изврши санација и асфалтирање на ударните дупки на целата територија на општината. Станува збор за тековна активност, која опфаќа санација на ударните дупки, а потоа нивно асфалтирање на цела територија на Општина Аеродром.

# ИЗГРАДЕНА НОВА УЛИЦА ВО АЕРОДРОМ

Општина Аеродром неодамна изгради нова улица „Новопроектирана 4“ меѓу новите згради во локалитетот Индустриска зона.

Станува збор за собирна улица во должина од околу 500 метри и широчина од 16 метри. Улицата е составена од две сообраќајни ленти од по 6 метри, како и тротоари од двете страни на улицата од по два метри.

Претходно на оваа локација беше изведена целосно нова фекална и атмосферска канализација, водоводна мрежа, а исто така се предвидени и нови линии за јавно осветлување, така што овој дел од населбата ќе добие целосно нов и поурбан лик, а жителите на новите згради современи услови за живот.



# ОТВОРЕН ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА ВО АЕРОДРОМ



Во Општина Аеродром неодамна беше отворен дом за згрижување и социјална заштита на стари лица „Миркоски“, кој е лоциран покрај кејот на реката Вардар, до продавницата „Вучко“.

Целосно реновираниот и реконструиран објект е со површина од 1.000 м$^2$ и располага со 22 двокреветни соби и 4 апартмани, секој опремен со систем за централно ладење и греење, како и сопствена бања.

За корисниците во ПУСЗ „Миркоски“ се грижи стручен персонал составен од социјален работник, медицински лица и физиотерапевти, со цел да се овозможат подобри услови за луѓето кои се наоѓаат во третото доба од својот живот. Во домот за стари лица се применуваат две програми - за згрижување и нега на корисници кои можат да се грижат за себе, односно корисници кои имаат одреден степен на независност, како и програма за згрижување и нега на стари лица на кои им е потребна целосна нега и грижа. Тие имаат потреба од секојдневна помош при јадењето, облекувањето, одржувањето лична хигиена и кај овие корисници задолжително се применува физикална терапија. Во оваа категорија се сместени лица со деменции, мозочни и срцеви удари, хронични заболувања.

Покрај грижата за стари лица, во Домот се организираат и културно-забавни и спортски активности, како што се куглање, утринска гимнастика и разни други вежби за одржување на моториката.

# ВО ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ОТВОРЕНА ШКОЛА ЗА ГИТАРА



Во ООУ „Блаже Конески“ неодамна се отвори школа за гитара „Бојковски“, на која се изучуваат класична гитара, џез и забавна музика.

Часовите се одржуваат секоја сабота од 12:30 часот, а во школата можат да се запишат дечиња над 8 годишна возраст, кои имаат можност да изучуваат гитара професионално по ноти. Децата од оваа школа, кои постои околу седум години, за брзо време постигнуваат значителни резултати и напредок, така што по само неколку месеци музички се описменети.





Аеродромци на камп за претприемништво во Хрватска

# ТРИ УЧИЛИШТА ОД АЕРОДРОМ ВНЕСОА ПРЕТПРИЕМНИЧКО УЧЕЊЕ ВО НАСТАВАТА





Ученици од основните училишта „Лазо Ангеловски“, „Ѓорѓија Пулевски“ и „Гоце Делчев“учествуваа на вториот камп за претприемништво што се одржа во Шибеник, Хрватска од 19-ти до 20-ти октомври во организација на Центарот на Југоисточна Европа за претприемничко учење (South East European Centre for Entrepreneurial Learning - SEECEL).



Целта на кампот, на кој учествуваа основни и средни училишта, како и факултети од седум држави од регионов, е промовирање на успешно завршените активности во рамките на проектот „Интеграција на претприемничкото учење во образовниот систем“ и презентирање на идните активности на SEECEL.

Учениците од Општина Аеродром учествуваа во сите активности на кампот, а имаа и свои промоции. Исто така, се одржаа и работилници со ученици и наставници, како и панели со претставници од училишта и бизнис секторот од сите држави-учеснички на настанот.

Покрај ново стекнатите партнерства, учесниците на овој камп разменија и многу искуства од областа на наставата и образованието. На последниот ден од кампот, ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ го потврди претходно стекнатото именување „Претприемничко училиште“ во 2013 година, додека училиштата „Лазо Ангеловски“ и „Гоце Делчев“ се здобија со тоа одликување.



# УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ ШАМПИОНИ ВО СОБИРАЊЕ ПЛАСТИЧНА АМБАЛАЖА




ООУ „Браќа Миладиновци“ освои прво место во рамки на проектот „Рециклирање?! - „КАЖИ ДА!“ за собирање пластична амбалажа за учебната 2015/2016 година, во конкуренција на основните училишта во Општина Аеродром, додека на ниво на Град Скопје го освои второто место. Училиштето ќе добие парична награда во висина од 25.000 денари.

ООУ „Александар Македонски“, пак, го освои второто место во Општина Аеродром и за успешно реализираната акција ќе биде наградено со рампа за велосипеди.

Проектот го организираше Друштвото за управување со пакување и отпад од пакување „Пакомак“ и Шпаркасе банка Македонија.




ООУ „Лазо Ангеловски“ доби грант од Еразмус+ Програмата

# ДА ЈА ОБОИМЕ ИДНИНАТА




ООУ „Лазо Ангеловски“ доби нов грант во висина од 15.775 евра од Еразмус+ програмата, во рамки на подакцијата КА219 - македонски училишта како партнери во проекти со други земји.

Одобрениот проект „Да ја обоиме иднината“ (Let's ART the future), ќе се ралзира во периодот од септември 2016 до август 2018 година.

Проектот има за цел да создаде нови методи во учењето на уметноста и да се идентификуваат иновативни пристапи, да се создаваат пријателства надвор од границите на државите, градење доверба и културолошка толеранција, да се подобрат социјалните способности и културолошките сфаќања на сите учесници, истовремено овозможувајќи им и на наставниците да се запознаат со образовните системи во другите земји.

Инаку, ООУ „Лазо Ангеловски“ беше прворангирано на листата за училишно образование и претходно доби грант во висина од 14.540 од одобрените грантови од програмата Еразмус+ на Европската комисија за учење преку индивидуални мобилности, кое пак, создава можности за индивидуите да ги подобрат своите вештини и зголемување на културната свест.





# СОБРАНИ 65 КУБИЦИ КАБАСТ ОТПАД




На акцијата за собирање кабаст отпад, што се реализираше на 7.10.2016 и 8.10.2016 година во Општина Аеродром, беа собрани околу 65 кубици отпад.

Акцијата што се одвиваше речиси на целата територија на Општина Аеродром им овозможи на граѓаните да се ослободат од стар и неупотреблив мебел и апарати од бела техника.

Исто така, постои можност ваква услуга граѓаните да добијат и во други денови со одреден надомест, за што подетални информации може да се добијат на дежурниот телефон 0800 222 33.







# ЅИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ

Драги читатели, Општина Аеродром од неодамна Ви нуди можност на овие страници од весникот да го покажете својот креативен дух претворен во Ваши фотографии. Токму овој простор од весникот е посветен на сите тие што сакаат и умеат да фотографираат или, пак, поседуваат прекрасни фотографии. Прифатливи се фотографиите со кои ќе ја претставите Општина Аеродром, природа, пејзажи, фотографии од Вас сликани во неа, од Вашите најслатки, најоткачени и најсреќни деца, миленичиња, оние кои Ви ја смеат душата, едноставно, сè што мислите дека е интересно и заслужува место во овој весник.

Старите фотографии од Општина Аеродром ќе бидат објавени со посебно задоволство! Фотографиите можете да ги испраќате на електронската адреса на весникот: vesnik@aerodrom.gov.mk

**ЗАДОЛЖИТЕЛНО!**

**ПОКРАЈ ФОТОГРАФИЈАТА, ТРЕБА ДА СЕ НАВЕДЕ НАСЛОВОТ, ЛОКАЦИЈАТА И ИМЕТО НА АВТОРОТ.**



Цвеќе - Антонио Миленковски



Убаво време - Борјан Ј.



Метеж пред црква - Игор Пејиќ



Есенски амбиент во Аеродром - Ксенија Тодорова



Утринско прскање против комарци - Ангела Тасевска



Штрковите од Горно Лисиче - Владо Куфалов



Најмладиот фан на МЗТ - Дијана Кузева



Аловата алеја на Васе - Борјана Дичевска

# „БУБА МАРА“ СО БОГАТА ПРОГРАМА ЈА ОДБЕЛЕЖА СВЕТСКАТА НЕДЕЛА НА ДЕТЕТО



Градинката „Буба Мара“ ја одбележа Светската недела на детето со многубројни активности посветени на детските права.

Децата учествуваа во групно цртање со креди во боја на детската улица во Ново Лисиче, како и во дворовите на градинките, каде креативно се изразија преку своите цртежи. Тие ги погледнаа и куклените претстави „Волшебниот збор“ и „Волшебник“, како и претставата „Во светот на шумските животни“.

Градинката организираше и голем број игри, преку кои се поттикнува и развива натпреварувачкиот дух кај децата, се создава чувство на единство и се зајакнува нивната самодоверба. Во рамки на Детската недела, со разни активности учествуваа и родителите, кои пред децата ги претставија своите професии, а дечињата на возраст од 3 и 4 години учествуваа во работилница „И јас имам право“.

Во рамки на Светската недела на детето

## „СРНИЧКИТЕ“ СЕ ЗАПОЗНАА СО ТЕАТАРОТ НА СЕНКИ




Градинката „Срничка“ по повод Светската недела на детето организираше повеќе активности за децата и нивните родители.

Преку забава и дружење на децата им се објаснуваа нивните права и обврски, а воедно добија можност да се запознаат со нови пријатели и со тоа да стекнат позитивни комуникациски вештини.

По тој повод во објектот „Калинка" беа организирани забавно-натпреварувачки игри со наслов „Дајте раце да играме". Децата си играа и се забавуваа со нивните нови пријатели од СОС „Детско село“ за кои подготвија и подароци, со што го направија незаборавен денот поминат со нивните нови другарчиња.

Во рамки на одбележувањето на Светската недела на детето, децата од сите воспитни групи во објектот „Бамби“, пак, се запознаа со театарската група „Сенки и облаци“ и ја погледнаа претставата со сенки „Семе“.

## ЕСЕНСКА БЕРБА ВО „СРНИЧКА“

Малите градинари од градинката „Срничка“ ги набраа овошките и зеленчуците од својата градина и приготвија вкусни и здрави ужини за своите другарчиња. Поради големиот интерес на децата за учество во активности поврзани со градинарство и одгледување растителни култури, градинката „Срничка“ и оваа воспитна година продолжува со реализација на Програмата за едукација на децата од предучилишна возраст со процесот на одгледување и консумирање здрава храна.







Ликовен настан во библиотеката „Јане Сандански“

# ДЕЦАТА ОД АЕРОДРОМ ЦРТАА ПОЕЗИЈА



Во библиотеката „Јане Сандански“ во Општина Аеродром неодамна се одржа ликовен настан насловен како „Илустрација на литературни творби. Најмладите пријатели на библиотеката во светот на книгите за деца“.

Целта на настанот, во чии рамки учествуваа дечиња на возраст од 4 до 8 години заедно со нивните родители, е да ја разбуди фантазијата кај најмладите читатели и да ги популаризира книгите меѓу младата популација. Децата прво слушаа извадоци од проза и поезија, а потоа ги илустрираа литературните творби и на забавен начин ги споија литературата и ликовната уметност.

## УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ „АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ“ СЕ ЗАПОЗНАА СО ПРАВАТА НА ПЕШАЦИТЕ ВО СООБРАЌАЈОТ

Учениците од ООУ „Александар Македонски“ се запознаа со правата на пешаците на предавањето организирано во рамки на одбележувањето на Неделата за безбедност на пешаците во сообраќајот.



Претставници на МВР - сообраќајна полиција на 7-ми октомври го посетија училиштето со цел да се подигне свеста кај учениците за сообраќајната култура, како и да се научат најмладите на безбедно однесување во сообраќајот. Учениците, преку краток образовен филм се запознаа со термините пешачки премин, семафор, крстосница, сообраќајни знаци, сообраќаен полицаец, како и со сообраќајните правила и прописи, по што беа вклучени во кратка дискусија на тема сообраќај.

## „БИБЛИОТЕКАТА КАКО ХРАМ НА ЗНАЕЊЕТО“

Стотина ученици од ООУ „Александар Македонски“ присуствуваа на час насловен „Библиотеката како храм на знаењето“ што неодамна се одржа во библиотеката „Јане Сандански“ во Општина Аеродром.

Целта на ваквите предавања е популаризација на книгата меѓу најмладата читателска публика, како и изучување на наставната единица „Библиотека“.



# „СНЕЖАНА“ ГИ ОСВОЈУВА ДЕТСКИТЕ СРЦА






„Снежана и седумте џуџиња“ е една од најпознатите приказни во светот, која со својата магичност веднаш ги освојува детските срца.

Приказната од неодамна е преточена во театарска претстава на сцената на Драмскиот театар во Скопје во режија на Димче Николов.

Претставата е интересна и за децата и за нивните родители, затоа што е проткаена со традиционална и со современа нишка, а доказ за тоа е фактот што кога е таа на репертоарот секогаш се бара билет повеќе.

Класичната и добро познатата приказна изобилува со современи мотиви и е адаптирана на модерното време. Приказната за Снежана, нејзината лоша маќеа и седумте џуџиња ја прикажува вечната борба меѓу доброто и злото и на крајот победата на добрината.

Сценографијата, музиката и кореографијата ја пренесуваат публиката во еден волшебен свет исполнет со прекрасни предели, интересни ликови и магични моменти.

„Снежана и седумте џуџиња“ ја поттикнува детската фантазија и создава неверојатно силна врска меѓу најмладата публика и светот на театарот. Дејството, ликовите и поуките им се веќе добро познати на децата, поради што тие лесно можат да го следат текот на приказната, иако таа е прикажана во еден поинаков театарско - сценски раскажувачки модел. Она што ја прави претставата поинаква и повпечатлива е тоа што на еден суптилен начин се пренесуваат нови, актуелни пораки, соодветни на современото доба.

Ликот на Снежана го толкува актерката Александра Павлова, која во текот на целата претстава ги води децата низ приказната.







| *Родители 1985* | *Родители 2016* |
|---|---|
| Прибери се дома, цел ден си надвор | Дај излези малку надвор, цел ден си пред компјутер |
| Нема да станеш од масата сè додека не го изедеш јадењето | Сине ако не ти се допаѓа јадењето, ќе ти дадам нешто друго |
| Учителката те казнила, сигурно не си бил мирен/мирна | Учителката те казнила, како смее таа така со децата?! |
| Ако ти остане кусур, купи си мастика или лижавче | Добро сине, ова е веќе четвртото чоколадо во корпата |
| Заврши цртаниот филм сине, сега ќе почне Дневникот, ајде на спиење | Ајде сине в кревет, веќе е 22:00 часот, а ти два часа гледаш телевизија |
| Не ме интересира што има Марко, мене ме интересира твоето однесување | Ако има Марко, зошто моето дете да нема? |
| Оди и памет во глава | Оди, ама ако се случи нешто веднаш побарај ме на мобилен |
| Ако не учиш ќе копаш, така да си знаеш | Ако учиш, мама и тато ќе ти купат сè што сакаш |
| Не ме интересира кој е виновен, веднаш исчистете го нередот | Леле што сте направиле, тргнете се мама да исчисти |
| Немој два пати да ти повторувам | Јади сине, те молам јади, јади сине... |



**ВИЦ НА МЕСЕЦОТ**



## ЗМИИ

Се шетале две змии, мајка и ќерка.

По некое време, ќерката ја прашува мајката:

- Мамо, мамо! Абе ние отровни змии сме?
- Зошто ме прашуваш ќерко?
- Затоа што си го гризнав јазикот!




ПОМИЛА МИ Е КАПКА СРЕЌА,
ОТКОЛКУ БУРЕ МУДРОСТ.
**ДИОГЕН**

•

НЕКОИ ЛУЃЕ УМИРААТ НА 25,
АМА ГИ ЗАКОПУВААТ НА 75
**БЕНЏАМИН ФРЕНКЛИН**

•

ПОСТОЈАТ ДВЕ МОЖНОСТИ:
ИЛИ СМЕ САМИ ВО УНИВЕРЗУМОТ ИЛИ НЕ.
И ДВЕТЕ СЕ ЕДНАКВО ЗАСТРАШУВАЧКИ
**АРТУР КЛАРК**

Есенва се во мода едноставни и лелеави фризури со природен изглед

# КОРИСТЕТЕ ШАМПОНИ БЕЗ ПАРАБЕНИ!



Наталија Јанковска,
ателје МИА

**Парабенот претставува најевтин облик на хемикалија, која се користи за да се продолжи рокот на траење на производите за лична хигиена и убавина, но може да предизвика рак на дојката**

**Според должината и текстурата на косата, актуелни се лелеави кадрици, слободни и прекршени фризури со волумен и природен и негуван изглед**

Кога станува збор за трендовите на фризури за оваа есен, може да се каже дека главна карактеристика се едноставноста и природниот и негуван изглед.

Што се однесува до боите во мода се нежни и смирени тонови како чоколадна, костенлива, руса и мешавина на повеќе бои слични на бојата на медот, коњакот и карамелата. Тоа се, всушност, бои што ја истакнуваат женственоста.

Сепак, за посмелите девојки, кои сакаат да се издвојат препорачувам посилни бои, како што се црвената и розовата. Бојата на косата е примарен детаљ и значаен фактор за успешен изглед.

Според должината и текстурата на косата сè уште актуелни се лелеави кадрици, слободни и прекршени фризури со волумен.

Негуваната, здрава, сјајна и бујна коса, се примарни не само за есенските денови, туку за секој период од годината. Тоа може да се постигне со третмани и употреба на маски.

Тврдата вода, шампоните со сулфат и временските услови, придонесуваат за проблеми со темето, опаѓање на косата, појава на првут, прекумерно лачење себум, односно мастење на косата, иритација, кршливост и дехидрирање на влакното.

За да се спречи сето тоа, се препорачува редовно потстрижување, употреба на хранливи маски и на спреј за заштита од топлината на феновите, пресите, фигарото и УВ зраците, но најважно од сè е да се избегнуваат производи со амонијак и сулфат, а особено со парабени. Ова се однесува како за понежниот, така и за посилниот пол кој сè почесто има проблем со губење коса, а пред сè за децата. Имено, парабенот претставува најевтин облик на хемикалија, која се користи за да се продолжи рокот на траење на производите за лична хигиена и за убавина, но може да предизвика рак на дојката.

Затоа, есенва одберете да бидете едноставни, природни и здрави!













На спортските игри во Карпош

# АДМИНИСТРАТИВЦИТЕ ОД АЕРОДРОМ ПРВИ ВО ПИНГ-ПОНГ

Екипите на Општина Аеродром, кои учествуваа на спор-



тските игри од 18 до 20 октомври организирани од Општина Карпош во пресрет на 40-та годишнина од нејзиното основање, освоија прво место во пинг-понг и трето место во фудбал.

Во рамките на тридневната спортска манифестација учествуваа административци - претставници од Општините Кисела Вода, Аеродром и Градот Скопје, како и домаќинот Општина Карпош, кои се натпреваруваа во различни спортови.

Оваа манифестација имаше за цел да го поттикне дружењето меѓу административците од скопските општини и од Градот Скопје, истовремено зајакнувајќи го натпреварувачкиот дух преку спортските игри.



# МАСТЕР ВОЛЕЈ - НОВА ОДБОЈКАРСКА ЅВЕЗДА ВО АЕРОДРОМ

„Мастер Волеј“ е одбојкарски клуб кој постои од октомври 2015 година на територијата на Општина Аеродром, а одржуваат тренинзи во основните училишта „Димитар Македонски“, „Ѓорѓија Пулевски“ и „Љубен Лапе“.

Во текот на изминатава година, „Мастер Волеј“ имаат реализирано бројни проекти, настани, гостувања, од кои последен е Мастер турнирот одржан неодамна во Спортскиот центар „Ново Лисиче“. Покрај одбојкарките и одбојкарите на „Мастер Волеј“, учесници на турнирот беа и „Форца Волеј“ и ОК „Планет“, Сите учесници добија заслужени признанија, а „Форца Волеј“ го освоија победничкиот пехар.

Во текот на декември пак, е планиран предновогодишен турнир, на кој освен турнир, ќе има и едукативен дел.








# УСПЕШНО РЕАЛИЗИРАН ТУРНИРОТ ВО МАЛ ФУДБАЛ „СКОПЈЕ 2016“




На 28.9.2016 година, во Спортски центар „Ново Лисиче“ со финалниот натпревар меѓу екипите на Спортскиот центар „Аеродром“ (СЦА) од Мичурин и „Фер плеј“ од Ново Лисиче официјално заврши петтиот по ред турнир во мал фудбал „Скопје 2016“, на кој учествуваа 50-тина екипи.

На финалниот натпревар со резултат од 4 : 1 првото место и награда од 160.000 денари на турнирот го освои СЦА, а второто место и награда од 80.000 денари му припадна на екипата на „Фер плеј“. Третото место, пак, и награда од 40.000 денари го освои екипата на полицијата ЕБР во полуфиналниот натпревар против екипата на „Освојувачи“ од Шуто Оризари со резултат 5 : 3.

Финалистите, исто така, добија пехари, медали, пригодни награди и признанија, а награди беа доделени и за најдобар фудбалер на турнирот (Харис Омеровиќ од „Фер плеј“), најдобар голман (Строимановски Дарко од ЕБР), како и најфер екипа („Освојувачи“).

Турнирот, кој траеше еден месец, го организира Училишниот спортски клуб „Блаже Конески“ под покровителство на Општина Аеродром и Град Скопје, кои ги обезбедија наградите и паричниот награден фонд за победниците.



СПОРТ

# ТЕРМИНИ ЗА СПОРТ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

## ООУ „ЉУБЕН ЛАПЕ“

| термин | понеделник | вторник | среда | четврток | петок | сабота |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 07:30-08:30 | | карате - Мак Вадо | | | | |
| 09:00-12:00 | | | | | | кошарка - МЗТ |
| 17:30-19:30 | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | |
| 18:00-19:00 | | фолклор - Детски културен центар | | фолклор - Детски културен центар | | |
| 19:30-20:30 | | зумба - ФИТ ОНЕ | | зумба - ФИТ ОНЕ | | |
| 19:30-20:30 | ракомет - РК „Металург“ | карате - Самурај | ракомет - РК „Металург“ | карате - Самурај | одбојка - Мастер Волеј | |
| 20:30-21:30 | одбојка - ОК „Аеродром Волеј“ | одбојка - Мастер Волеј | одбојка - ОК „Аеродром Волеј“ | карате - Самурај | карате - Мак Вадо | |

## ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

| термин | понеделник | вторник | среда | четврток | петок |
|---|---|---|---|---|---|
| 18:00-20:00 | кошарка - МЗТ | | кошарка - МЗТ | | кошарка - МЗТ |
| 18:00-19:00 | | кошарка - МЗТ | | кошарка - МЗТ | |
| 19:00-20:00 | | карате - КК „Олимпик спорт 2007“ | | карате - КК „Олимпик спорт 2007“ | |
| 20:00-21:00 | карате - КК „Олимпик спорт 2007“ | | | | |

## ООУ „ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ“

| термин | понеделник | вторник | среда | четврток | петок | сабота | недела |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16:00-17:00 | | | | | | одбојка - Фокс Волеј | |
| 17:00-18:00 | | | | | | одбојка - Фокс Волеј | |
| 18:30-19:30 | одбојка - Фокс Волеј | карате - Самурај | одбојка - Фокс Волеј | карате - Самурај | | | |
| 18:00-19:00 | | | | | | аеробик - „ФИТ ОНЕ“ | зумба - „ФИТ ОНЕ“ |
| 18:30-19:30 | фолклор - ФА „Вапцаров“ | | фолклор - ФА „Вапцаров“ | | | | |
| 19:30-20:30 | пилатес - „ФИТ ОНЕ“ | пилатес - „ФИТ ОНЕ“ | пилатес - „ФИТ ОНЕ“ | пилатес - „ФИТ ОНЕ“ | | | |
| 19:00-20:00 | | | | | | | кик-бокс - Гладијатор |
| 19:30-20:30 | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | | |
| 20:30-21:30 | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | | |
| 21:30-22:30 | | кик-бокс - Гладијатор | | кик-бокс - Гладијатор | | | |

## ООУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“

| термин | понеделник | вторник | среда | четврток | петок |
|---|---|---|---|---|---|
| 16:00-17:00 | | кошарка – МЗТ | | кошарка – МЗТ | |
| 18:00-19:00 | тенис - Хит енд ран | јога - Центар за јога и личен развој | тенис - Хит анд ран | јога - Центар за јога и личен развој | |
| 19:00-20:00 | тенис - Хит енд ран | јога - Центар за јога и личен развој | | јога - Центар за јога и личен развој | тенис - Хит енд ран |
| 20:00-21:00 | | јога - Центар за јога и личен развој | | јога - Центар за јога и личен развој | |
| 00:00-24:00 | боречки вештини - Бушидо Доџо | боречки вештини - Бушидо Доџо | боречки вештини - Бушидо Доџо | боречки вештини - Бушидо Доџо | боречки вештини - Бушидо Доџо |

## ООУ „ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ“

| термин | понеделник | вторник | среда | четврток | петок | сабота |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10:00 -12:00 | | | | | | тенис - Хит енд ран |
| 17:30-18:30 | ракомет - „Металург“ | одбојка - „Мастер Волеј“ | ракомет - „Металург“ | одбојка - „Мастер Волеј“ | тенис - Хит енд ран | |
| 18:00-19:00 | | игроорна - Пионерски дом „Карпош“ | | игроорна - Пионерски дом „Карпош“ | | |
| 18:30-20:30 | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | |
| 19:00-20:00 | | | модерни танци - „Хип-хоп“ | | карате - „Аеродром“ | |
| 20:30-21:30 | карате - „Аеродром“ | тенис - Хит анд ран | карате - „Аеродром“ | тенис - Хит анд ран | карате - „Аеродром“ | |
| 20:00-21:00 | боречки вештини и јога - „Јинг и Јанг“ | | боречки вештини и јога - „Јинг и Јанг“ | | модерни танци - „Хип-хоп“ | |

## ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

| термин | понеделник | вторник | среда | четврток | петок | сабота | недела |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 17:30-20:30 | одбојка - „Аеродром Воле“ | одбојка - „Аеродром Воле“ | одбојка - „Аеродром Воле“ | одбојка - „Аеродром Воле“ | | | |
| 19:00-20:00 | | ракомет - „Кастратовиќ“ | | ракомет - „Кастратовиќ“ | | | |
| 19:30-20:30 | | | | | | пилатес - „Фит Оне“ | пилатес - „Фит Оне“ |
| 17:30-20:30 | | | | | | | аеробик - „Атлета“ |
| 19:00-20:00 | зумба - „Фит Оне“ | зумба - „Фит Оне“ | зумба - „Фит Оне“ | зумба - „Фит Оне“ | | | |
| 19:30-20:30 | | аеробик - „Атлета“ | | аеробик - „Атлета“ | | | |

## ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

| термин | понеделник | вторник | среда | четврток | петок |
|---|---|---|---|---|---|
| 17:30-19:30 | кошарка - МЗТ | | кошарка - МЗТ | | кошарка - МЗТ |
| 19:00-21:00 | | одбојка - СК Мастер Волеј | | одбојка - СК Мастер Волеј | |
| 20:00-21:00 | Реално аикидо - СК „Вардар“ | | Реално аикидо - СК „Вардар“ | | Реално аикидо - СК „Вардар“ |

## ООУ „АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ“

| термин | понеделник | вторник | среда | четврток | петок | сабота |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 17:00-18:00 | Штурчиња - здружение за спорт, рекреација и анимација | Штурчиња - здружение за спорт, рекреација и анимација | Штурчиња - здружение за спорт, рекреација и анимација | Штурчиња - здружение за спорт, рекреација и анимација | | џиу-џица - „Д Стронгер“ |
| 18:00-19:00 | џиу-џица - „Д Стронгер“ | ракомет - РК „Аеродром“ | џиу-џица - „Д Стронгер“ | ракомет - РК „Аеродром“ | одбојка - „Фокс Волеј“ | џиу-џица - „Такеда“ |
| 18:00-19:00 | игроорна - „Вапцаров“ | | | | | |
| 19:00-20:00 | кошарка - МЗТ | одбојка - „Фокс Волеј“ | кошарка - МЗТ | одбојка - „Фокс Волеј“ | одбојка - „Фокс Волеј“ | |
| 19:00-20:00 | карате - „Самурај“ | фитнес, аеробик, пилатес - Боди Лине | карате - „Самурај“ | фитнес, аеробик, пилатес - Боди Лине | карате - „Самурај“ | |
| 19:00-20:00 | | џиу-џица - „Такеда“ | | џиу-џица - „Такеда“ | | |
| 20:00-22:00 | кошарка - МЗТ | | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | кошарка - МЗТ | |

# СПЕЦИЈАЛНА ПРОСЛАВА ЗА 50-ГОДИШНИНАТА НА МЗТ






## ЕВРОКУП 5-то КОЛО

### МЗТ СКОПЈЕ АЕРОДРОМ - ГРАН КАНАРИЈА

СЦ „ЈАНЕ САНДАНСКИ“ | 09.11.2016 | 19:00 | ВЛЕЗ: 150 ДЕНАРИ



Спортската гордост на општина Аеродром, кошаркарскиот првак МЗТ Скопје – „Аеродром“, на средбата од 5-то коло од Еврокупот против шпанска Гран Канарија, која е закажана за 9 ноември (среда), ќе одржи специјална прослава и тоа по повод 50-годишнината од формирањето на клубот, како и 20 години од најголемата победа во историјата против големиот Реал Мадрид.

По тој повод Управата на „штрковите“ ќе организира вистински спектакл, на кој посебен простор ќе добијат членовите на генерацијата кошаркари, која на 6 ноември 1996 година го урнаа „кралскиот клуб“ на огромна радост на преполните трибини во популарната „Лименка“. Целиот настан ќе добие уште поголема тежина, со оглед што во составот на Гран Канарија ќе настапат и поранешните репрезентативци на Македонија, Лестер Бо Мекејлеб и Ричард Хендрикс. Средбата од Еврокупот како и целата свечена манифестација ќе се одржи во салата „Јане Сандански“ со почеток од 19 часот, а влезниците ќе бидат со цена од 150 денари.

На овој спектакл се очекува да присуствуваат најголем дел од членовите на тогашниот тим што го совлада Реал Мадрид (Перо Блажевски, Врбица Стефанов, Игор Михајловски, Дејан Димов, Мирза Куртовиќ, Тони Симиќ, Антонио Миневски, Слободан Петровски, Марк Дин и Ѓорѓи Књазев).

## ОПШТИНА АЕРОДРОМ МИ ДАВА ИСЦРПНИ ИНФОРМАЦИИ БЕЗ ДА ОДАМ ПО ШАЛТЕРИ

**Почитувани,**

На локацијата Индустриска зона УЕ В е почната изградба на објект за домување А2 БИ Н = 23,2 м, П+6+Пк, со ознака 3,5. Ве молам за називот на инвеститорот, кој ја има добиено градежната дозвола, како и можни контакти.

**Поздрав,**
**М.А.**

**Почитувани,**

Би сакале да Ви изразиме благодарност што се обративте до Општина Аеродром и да Ве информираме дека ни претставува особена чест што ни ја укажавте Вашата доверба. Ве известуваме дека по добивањето на Вашето писмо, се обративме до Секторот за комунални работи, урбанизам и заштита на животната средина при Општина Аеродром, бидејќи тоа се активности кои ги води овој Сектор. Од таму Ве известуваат дека инвеститор е „Бока Ратон“ инженеринг увоз-извоз ДОО Скопје. Доколку имате дополнителни прашања Ве молиме да се обратите до овој Сектор, или да ги контактирате на 2401-529.

**Со почит,**
**Општина Аеродром**

Не ми се верува....,
Изненаден сум...
Чудо...
Кога ја пишував пораката воопшто не очекував одговор!
Општина Аеродром ми дава исцрпни информации без да одам по шалтери или од една во друга канцеларија, а и не барав врски! Дури може и по телефон да се јавам за дополнителни податоци! Ова е сон или јаве...
По стоти пат ја препрочитувам пораката.
Ви благодарам за коректноста.

**Поздрав,**
**М.А.**

## НАСКОРО АСФАЛТИРАЊЕ

**Почитувани,**
Ве молам да ме известите до каде е постапката во однос на асфалтирањето на пристапната улица до зградата на „Адора“ на улица „Методија Шаторов – Шарло“ број 10 и соседните две згради, исто така, изградени од „Адора“. Бевме информирани дека е изгласан ребалансот на Буџетот на Општината и распишан тендер за оваа намена, но до денеска сè уште не е почнато асфалтирањето.

**Однапред благодарам на одговорот,**
**Б.Ј.**

**Почитувани,**
постапката за асфалтирање на наведената улица е во тек, односно се спроведува јавна набавка за избор на изведувач.

**Со почит,**
**Општина Аеродром**

## РЕДОВНО АЖУРИРАЈТЕ ГИ ПОДАТОЦИТЕ ЗА ДАНОК НА ИМОТ!

Ве молам да ми дадете информација во врска со данокот на имот. Станува збор за решение за имот, кој се наоѓа во општина Аеродром, се разбира, издадено од Град Скопје. Имено, во решението за данок е пресметан данок за имот, на кој сопствениците не живеат, а е двојно повисок од данокот на имот доколку сопствениците живеат на тој имот. Ова е наша грешка, бидејќи како сопственици сè уште немаме променето податоци во личните карти. Прашањето е дали доколку ги промениме личните карти можеме да побараме исправка на решенијата и намалување на данокот? Станува збор за тековната 2016 година?

**Поздрав.**
**М.Х.**

**Почитувани,**
Доколку ги промените личните карти оваа 2016 година, решението за данок на имот ќе биде променето, но за 2017 година (за жал не и за 2016) . Затоа, откако ќе ги смените податоците во личните карти, можете да дојдете во Општина Аеродром, во соба 13, секој работен ден од 08:30 до 11:30 часот за да ја направите промената во Вашето решение. Секако, со Вас понесете го имотниот лист и личната карта.

**Со почит,**
**Општина Аеродром**

## СЕРВИСНИ ТЕЛЕФОНИ

| | |
|---|---|
| Итна медицинска помош | 194 |
| Пожар и елементарни непогоди | 193 |
| Центар за известување и тревожење | 195 |

### Градинки

| | |
|---|---|
| Срничка | 2455 512 |
| Буба Мара | 2434 530 |

### Основни училишта

| | |
|---|---|
| Блаже Конески | 2469 746 |
| Браќа Миладиновци | 2460 479 |
| Ѓорѓија Пулевски | 2455 510 |
| Љубен Лапе | 2450 220 |
| Лазо Ангеловски | 2430 324 |
| Димитар Македонски | 2440 011 |
| Гоце Делчев | 2438 288 |
| Александар Македонски | 6152 513 |

### Средни училишта

| | |
|---|---|
| Владо Тасевски | 2464 123 |
| Димитар Влахов | 2464 590 |
| Марија Кири Склодовски | 2452 189 |

### Библиотеки

| | |
|---|---|
| Јане Сандански | 2466 474 |
| Кирил Пејчиновиќ | 2450 449 |
| Рајко Жинзифов | 2443 450 |

### Цркви

| | |
|---|---|
| Света Тројца | 2763 337 |
| Свети Петар и Павле | 2439 722 |
| Свети Пророк Илија | 2460 825 |

### Полиција 192

| | |
|---|---|
| ПС Аеродром | 2432 362, 3142 408 |
| ПС Драчево | 2763 330, 2794 111 |
| ПС Кисела Вода | 3223 410, 3142 403 |

### Амбуланти

| | |
|---|---|
| Јане Сандански | 2463 277 |
| Лисиче | 2440 810 |
| Пелагонија | 2460 478 |

**ПРИЈАВА НА КОРУПЦИЈА:**

**080052222**

### ОПШТИНА АЕРОДРОМ

| | |
|---|---|
| Централа | 2400 970 |
| Пријавница | 2401 511 |
| Контакт со граѓани | 2401 555 |
| Локален економски развој | 2401 542 |
| Правна служба | 2401 556 |
| Човечки ресурси | 2401 538 |
| Урбанистички планови | 2401 529 |
| Осветлување | 2401 533 |
| Комунална инспекција | 2401 521 |
| Градежна инспекција | 2401 521 |
| Инспекција за домување | 2401 521 |
| Инспекција за животна средина | 2401 521 |
| Финансии | 2401 513 |
| Буџет | 2401 536 |
| Сметководство | 2401 535 |
| Даноци, такси и други приходи | 2401 537 |
| Данок на имот | 2401 553 |
| Јавни набавки | 2401 548 |
| Образование и култура | 2401 517 |
| ИТ | 2401 530 |
| Социјална заштита | 2401 518 |
| Архива урбанизам | 2401 525 |
| Совет на Општина Аеродром | 2401 512 |
| Инспекција | 2401 522 |
| Животна средина | 2401 552 |
| Урбанизам | 2401 528 |
| | 2401 529 |
| | 2401 545 |
| Комунално одделение | 2401 532 |
| | 2401 534 |
| | 2401 540 |

### Јавно осветлување

| | |
|---|---|
| ЕВН | 3205 000 |
| „КОД“ | 2672-196 |

### Јавни претпријатија

| | |
|---|---|
| ЈП „Водовод и канализација“ | 3073 010 |
| ЈП „Паркови и зеленило“ | 2464 272 |
| ЈП „Комунална хигиена“ | 3216 644 |
| | 075/506 090 |
| Оџачарски услуги | 2440 293 |
| Кабаст отпад | 0800 222 33 |









## ДНК - АЕРОДРОМ

Во Скопје има еден град во градот
за него слушнал секој и младо и старо.
Тука велат дека убаво е сè,
љубовта во Аеродром главно мото е.
Што и да ти треба тука секој подава рака,
стварно дојди, види, осети дека си сакан.
Сите за еден, еден за сите сме
да се биде Аеродромец права гордост е.

**(рефрен)**
Каде и да одам
ооооооооо
секогаш се враќам,
во мојот Аеродром, Аеродром,
тука ми е најдобро.

Зелени паркови, спортски модерни терени
мојата населба стварно убаво се смени.
Горди на нашите уметници, артисти
од Аеродром доаѓаат и познати спортисти.
Тука секој што се раѓа плаво - бел е цел,
не е тајна што за него живот даваме.
Една љубов, еден тим во срце носиме,
МЗТ е шампион со него растеме.

**(рефрен)**
Каде о да одам
ооооооооо
секогаш се враќам,
во мојот Аеродром, Аеродром,
тука ми е најдобро.











